Орхидеја ШУРБАНОВСКА УДК: 371.212.72:159

# УЧИЛИШЕН НЕУСПЕХ И СОЦИЈАЛНОТО ИСКЛУЧУВАЊЕ (ПОВЛЕКУВАЊЕ) НА СИРОМАШНИТЕ ДЕЦА

***Кратка содржина***

*Во овој труд се разгледува влијанието на училишниот неуспех врз социјалното исклучување на сиромашните деца. Социјалното повлекување на сиромашното дете како психолошка димензија вклучува чувство на осаменост и депресивност. Чувството на несигурност и социјалната инхибиција скоро да го оневозможува неговото вклучување во „реалниот свет" и повторно се одразува на училишниот (не)успех. Формалниот школски систем кој е често и со право критикуван, најмногу заради тоа што наметнува некој културен и интелектуален модел за сите деца и без почитување на нивните посебни надарености, го попречува личниот развој на поединецот. Од тука произлегува потребата за програми кои ќе придонесат во развивањето или подобрувањето на социјалните вештини кај децата, посебно кај деца кои се отфрлени од врсниците заради различностите во социо-економскиот статус. Такви програми веќе се користат во светот.*

*Значи, одговорноста за училишните постигнувања пред сè е на учениците, но и на училиштето, државните институции, невладини организации и советувалишта. Нивната дејност треба да биде координирана.*

***Клучни зборови:*** *УЧИЛИШЕН НЕУСПЕХ,СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ, ПОВЛЕКУВАЊЕ, СИРОМАШНИ ДЕЦА.*

Академскиот односно училишниот успех е значаен фактор за здрав психички развој на децата и младите. Аналогно на тоа академскиот неуспех се одразува на чувствата и однесувањето на ученикот. Сето ова е уште понагласено кога се работи за деца и млади кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. Во овој труд ќе се дискутира за академскиот неуспех и социјалното исклучување на младите од аспект на тоа како сиромаштијата влијае на ниските постигнувања на децата во училиштето но и од аспект на

тоа како разни видови неуспех како што е повторување на годината, осипување (напуштање на училиштето), ниски оцени и тн. влијаат на социјалната изолација на младите и на сиромаштијата.

Како што кажал Џејкис Дилорс во препораките на Меѓународната комисија за образование во 21 век (Delors,1996): „Образованието како значаен фактор во општеството, настојува да се земе предвид различноста на поединецот во групата но од друга страна придонесува во социјалното исклучување". Формалниот школски систем кој е често и со право критикуван, најмногу заради тоа што наметнува некој културен и интелектуален модел за сите деца и без почитување на нивните посебни надарености, го попречува личниот развој на поединецот. Некои од нив не можат успешно да го завршат образованието затоа што училиштата не се прилагодиле на нивните посебни способности и наклоности и на нивната културна разновидност. Училишниот систем кој работи според начелото на натпревар ја овозможува селекцијата на училишниот успех. Така училишниот неуспех лесно го бутка ученикот кон социјалниот раб и го предизвикува социјалното исклучување.

Без образование или со многу ниско образование (основно-училиште) младите имаат минимални можности за запослување така што постепено се исклучуваат од светот на дејностите и се ограничуваат во можноста за вклучување во општеството. Така училишниот (академскиот) неуспех посредно повеќе отколку непосредно води кон социјално исклучување и неконструктивни облици на однесување.

Во една студија за сиромаштијата на сиромашните (Lakinska, 2005) во Република Македонија извршена во 2005 година се испитувале 434 деца на улица (најчесто роми) од 7 – 18 годишна возраст. Добиени се следниве резултати: 27% од нив редовно го следат училиштето, 26% повремено, додека 47 % воопшто не одат на училиште. Како пречки за непосетување на училиштето ги наведуваат: 9,5 % родителите, 45% сиромаштијата, 13% незаинтересираноста, 5% тешкотии во учењето, 7% не употреба на знаењето, 20 % заради сезонска работа и 0. 5% останато.

**Табела 1.** *Редовност на училиште на сиромашните деца (деца на улица)*

| а) Редовен | б) Повремено оди | Воопшто не оди | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 118 (27%) | 110 (26%) | 206 (47%) | **434** |

**Табела 2.** *Пречки за непосетување училиште редовно на сиромашните деца (деца на улица)*

| а) Родителите ме ангажираат | б) Сиромаштија | в) Не сум заинтересиран | г) Многу ми е тешко учењето | д) Не гледам корист | ѓ) Отсуство поради сезонска работа | е) Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 53 (9.5%) | 250 (45%) | 75 (13%) | 28 (5%) | 37 (7%) | 115 (20%) | 3 (0.5%) | **561** |

Од тука можеме да видиме дека одреден дел од младите сиромашни заради најразлични причини не се прилагодуваат успешно во системот на образование и оспособување. За надминување на овој проблем се формира Фаре програма составена од Европска Тренинг Фондација (European Training Foundation).

Денес се нагласува дека училиштето мора да стане место на вклучување или повторно вклучување. Да се спречи училишниот неуспех е општествена нужност. За да може тоа да го овозможи училишниот систем мора да организира разновидни индивидуални пристапи во школувањето така што никогаш да не запре можноста за подоцнежно враќање во учлишниот систем.

Кои се показателите на неуспех во образованието?

Меѓу показателите на неуспех во образованието се сметаат следниве облици на неуспех:

- повторување на одделението
- осипување
- преминување во насока без реални можности
- напуштање на училиштето без квалификација и без признание за оспособување.

Во нашиот национален курикулум се вели дека образованието е најзначајна основа и можност за материјална и социјална промоција и показател на квалитетот на живеењето. Исто така се истакнува дека нашето училиште не ја искористува доволно мотивацијата на младите за образование и не ја развива. Кај поголем дел од младите, посебно од сиромашни семејства училиштето е терет, а не средина во која се стекнува интересно и употребливо знаење, во која ги развиваат своите интереси и стапуваат во нови социјални односи. Затоа нивното осипување во образованието е големо, така што дел од учениците што успешно го завршуваат основното училиште и значаен степен на средно образование не се мотивирани за понатамошна наобразба.

Од друга страна нестимулативната (сиромашна) средина на живеење (станбени услови во кои живеат, образование на родителите, браќата и сестрите и др.) влијае врз неговите ниски постигнувања во училиштето дури и напуштање на училиштето (прикажано на Табела 3 и 4).

**Табела 3.** *Станбени услови во кои живеат децата по категории и градови*

| Градови | Број на простории | | | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|
| | а) импровизориум | б) трошна куќа | в) куќа/стан | |
| Вкупно: | 128 (23%) | 335 (67%) | 47 (10%) | 500 |

**Табела 4.** *Образование на членовите на семејството*

| Членови на семејството | Завршено образование на членовите на семејството | | | | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| | а) неписмен/а | б) четврто одд. | в) основно училиште | г) средно училиште | |
| Мајка | 310 (70%) | 73 (17%) | 53 (12%) | 6 (1%) | 442 |
| Татко | 224 (51%) | 105 (24%) | 100 (23%) | 9 (2%) | 438 |
| Браќа | 378 (66%) | 120 (21%) | 57 (10%) | 15 (3%) | 570 |
| Сестри | 322 (73%) | 82 (18%) | 34 (8%) | 5 (1%) | 443 |

Тоа понатака води кон нивно отфрлање од страна на другите деца во одделението. Децата пак што се отфрлени преферираат груба игра и агресивно однесување многу повеќе отколку што користат позитивни или просоцијални форми на однесување. Индивидуалните разлики во однесувањето се одговорни за отфрленоста или прифатеноста на децата во групата, што може да значи дека некои бихевиорални ориентации (на пример просоцијални или агресивни форми на однесување) но и социоекономскиот статус на детето се предвидувачи на социјалниот статус на детето во одделението. Од тука, за да се разбере одреден социјален статус во врсничката група, важно е да

се проучи однесувањето кое децата го користат во интеракцијата со врсниците (Ladd и соработници, 2001). Авторите понатака сметаат дека интеракцијата со врсниците игра значајна улога во формирањето на социјалниот статус на детето, но и во модификацијата на истиот. Негативниот социјален статус (отфрленост, изолираност од другарите во одделението) придонесува и кон развојот на депресијата на сиромашното дете. Испитувањата на односите помеѓу социјалниот статус и социјалната инхибиција-повлеченоста кај децата покажуваат значајна поврзаност. Социјалниот статус и повлеченоста во средното и касното детство кои се очитуваат во негативното искуство со врсниците води кон чувство на вознемиреност. На овој начин минатото искуство со врсниците го прави темелот за предвидувањето на социоемоционалниот развој на детето (Boivin и соработниците, 1995). Децата кои се повлечени повеќе се наклонети кон користење еднонасочни стратегии во решавање на интерперсоналните проблеми во однос на социјабилните деца кои покажуваат повеќе чувство за реципроцитет (Adalbjarnardottir, 1995). Од тие причини децата што се социјално повлечени помалку се успешни во решавање на меѓусебни проблеми од социјабилните деца. Од друга страна отфрленоста и негативното социјално искуство со врсниците резултира со негативна социјална компетенција која води кон повлеченост. Во секој случај постои разлика во социометрискиот статус односно во прифаќањето на децата кои се повлечени во однос на децата кои не покажуваат такво однесување.

Ќе се осврнеме на особините на децата од непопуларните статусни групи кои ги наведуваат Берндт и Савин-Вилиамс (1989). Отфрленото дете во споредба со просечното или популарното дете е повеќе хиперактивно, повеќе агресивно, опсесивно-компулзивно и наклонето кон деликвенција. Таквото дете почесто покажува слаб училишен успех и почесто го напушта училиштето и пред матурата. Отфрлените деца се поосетливи на стрес бидејќи немаат поддршка од врсниците. Почесто се лути и полни со недругарски емоции. Може да се идентификуваат пет различни сетови на однесувања кои водат до отфрленост од врсниците:

1. антагонизам кон авторитети;
2. социјално повлекување комбинирано со недругарство;
3. сериозни пореметувања на однесувањето;
4. аверзивно и насилно однесување;
5. силни психички пореметувања.

Од тука произлегува потребата за програми кои ќе придонесат во развивањето или подобрувањето на социјалните вештини кај де-

цата, посебно кај оние кои растат во сиромашни средини, деца кои се отфрлени од врсниците. Такви програми веќе се користат во светот како на пример:

Деца без другари – Развивање на социјалните вештини (Steven, R., Asher, R. 1996); Ефекти врз тренингот за социјални вештини кај учениците (Terje Manger, Ole Johan Eikeland Asbjorsen Arve 2003); Развивање на социјаните компетенции кај децата (Oden, Sherri 1987).

### Заклучок

Со ова проучување ние сакаме да покажеме дека намалувањето на академскиот неуспех посебно кај сиромашните деца не може да биде само проблем на училиштето. Иницијативата треба да појде од државата, односно од различни сектори не само од образовните како што се сектори за ментално здравје, сектор за социјално осигурување, сектор за вработување итн. Одговорноста за академското постигнување треба да биде распределена меѓу учениците, училиштата, државните институции и сервиси како што се Невладините организации кои работат со сиромашни деца (најчесто роми). Исто така голема важност за редуцирањето на училишниот неуспех имаат и волонтерските советувалишта за деца и млади. За да се постигнат позитивни резултати активностите на сите наведени институции треба да се координирани.

(Рецензент: *йроф. д-р Виолеша Арнаудова*)

## ЛИТЕРАТУРА

Adalbjarnardottir, S. (1995). How Schoolchildren Propose to Negotiate: The Role of Social Withdrawal, Social Anxiety and Locus of Control, Child Development, Vo. 66, 1739-1751.

Berndt, T. J. Savin-Williams, R.C. (1989). Variation in Friendships and Peer-Group Relationships in Adolescence, во Tolan, P., Cohler, B.: Handbook of Clinical Research and Practice With Adolescents. New York: Wiley, 1-40.

Boivin, M., Hymel, Sh., Bukowski, W., M. (1995). The Roles of Social.

Delors, J. (1996). Skriti zaklad. Poročilo mednarodne komisije o izobrazevanju za enaindvajseto stoletje, pripravljeno za UNESCO, prevod Ministarstvoza šolstvo in sport, Ljubljana.

Ladd, G. W., Kochenderfer, B. J. Coleman, C. C. (2001).Classroom Peer Acceptance, Friendship, and Victimization: Distinct Relations Systems that Contribute Uniquely to Children's School Adjustment. Child Development.

Lakinska, D., (2005) Assesment of situation, policies and programmes for children in the streets. National centar for training in Social Development, Faculti of Philozophy – Skopje.

Oden, Sherri (1987). The development of Social Competence in Children. http://ericae.net/edo/ED 281610.htm.

Steven, R., Asher, R. ( 1996). Children Without friends, Part 4: Improving Social Skills.

Terje Manger, Ole – Johan Eikeland Asbjorsen Arve, (2003). Effects of training on pupils social skills, Research in Education, No 69.

Withdrawal, Peer Rejection, and Victimization by Peers In predicting Loneliness and Depressed Mood in Childhood. Development and Psihopatology, Vo7. 765-785.

Orhideja SHURBANOVSKA

# SCHOOL FAILURE COROLLARY TO SOCIAL DROP-OUT BY POOR CHILDREN

## Summary

*In this paper we analyze the influence of school failure on social drop- out of poor children with a special stress on the problems and consequences of repeating the grades, dropout rate, and non comprised knowledge or skills for successful integration in the professional world. Social withdrawal corollary with school failure and comprise loneliness and depression. Furthermore, the fillings of insurance and/or social inhibition leads less inclusion in the real world and to school failure too. Therefore, child and young man can less improve skills for solving impersonal and interpersonal problems. Behavioral inhibition was challenged by interaction of biological, social factors and negative self esteem, which loneliness is result.*

*By means of studying we want to show that reducing school failure specially for poor young people cannot be just one school's problem; the initiative has to came from the state, namely from the different sectors, not just educational, like health insurance, social security, employment. The responsibility for academic achievement has to be shared by individual students, school, state public institutions and services as well as research organizations. The role of counseling service in reducing school failure is important too. There activities have to be interrelated.*

***Keywords:*** *SCHOOL FAILURE, SOCIAL DROP-OUT, WITHDRAWAL, POOR CHILDREN.*